ОСНОВНИОТ СУД ВЕЛЕС како првостепен стечаен суд преку стечајниот судија Ангел Трипчев, постапувајќи во отворената стечајна постапка над стечајниот должник Друштво за производство, трговија и услуги ФАРМА - АГРИПРО ДООЕЛ увоз-извоз Валандово во стечај , по донесени одлуки на Завршно Собрание на доверители на должникот, на ден 12.07.2024 година го донесе следното :

## Р Е Ш Е Н И Е

СЕ ЗАКЛУЧУВА стечајната постапка над должникот Друштво за производство, трговија и услуги ФАРМА-АГРИПРО ДООЕЛ увоз-извоз Валандово, со седиште на Првомајска бр.29 Валандово, со единствен матичен број на субјектот 5330173, со единствен даночен број 4006999110072, со број на трансакциски сметки 200000091684489 и 200003089584531 во Стопанска Банка АД Скопје , број на трансакциска сметка 210053301730158 во НЛБ Тутунска Банка АД Скопје и број на трансакциска сметка 290100000029825 во ТТК Банка АД Скопје, со приоритетна дејност 01.47- Одгледување на живина.

Заклучувањето на стечајната постапка да се запише во трговскиот регистар, во јавните книги во кои се запишуваат правата врз недвижностите и во други соодветни регистри.

Должникот Друштво за производство, трговија и услуги ФАРМА-АГРИПРО ДООЕЛ увоз-извоз Валандово, со седиште на Првомајска бр.29 Валандово, со единствен матичен број на субјектот 5330173, со единствен даночен број 4006999110072 , НЕ СЕ БРИШЕ од Трговскиот регистар при Централен регистар на РСМ, а бришењето ќе се спроведе врз основа на писмено известување од стечајниот управник.

Се задолжува стечајниот управник , да ја следи извршната постапка за реализација на заложното право на разлачниот доверител Стопанска банка АД Скопје, и по спроведување на истата да предложи дополнителна или одложена распределба на стечајната маса во постапка предвидена со Законот за стечај.

Извадок од решението да се објави во Службен Весник на РСМ, на огласн а табла на судот и на веб страницата на Централен регистар на РСМ.

## О б р а з л о ж е н и е

Со решение на овој суд СТ.бр.101/19 од 31.10.2019 година , отворена е стечајна постапка над стечајниот должник Друштво за производство, трговија и услуги ФАРМА - АГРИПРО ДООЕЛ увоз-извоз Валандово во стечај во рамките на која е одржано извештајно рочиште на кое Собранието на доверители одлучи деловниот потфат на должникот да се затвори (ликвидира) со впарничување на должниковиот имот по пат на е-аукција без почетна цена, преку системот за е-аукција на ЦР на РСМ.

Во текот на отворената стечајна постапка над имотот на стечајниот должник стечајниот управник ги достави во стечајното досие извештајот за текот на стечајната постапка и завршен извештај со предлог план за конечна распределба на средствата, завршна сметка.

Завршниот извештај со завршната сметка е доставен од страна на стечајниот управник на ден 25.06.2024 година и е депониран во стечајното досие по предметот СТ.бр.101/19 и е објавен на огласна табла на овој суд на увид на доверителите. Од страна на доверителите во законскиот рок не е поднесен приговор против планот за конечна распределба .

Во Службен весник на РСМ бр.136 од 01.07.2024 година и на огласна табла и на овој суд 25.06.2024 година, во дневен весник Нова Македонија од 29-30.06.2024 година како и на страната на ЦР на РСМ и на веб страна на Основен суд Велес, објавен е оглас во кои се објавува дека се закажува завршно Собрание на доверители на стечајниот должник на ден 12.07.2024 година.

На одржаното Собрание на доверители на ден 12.07.2024 година присуствуваа доверители со утврдени побарувања од 0,326% од вкупно утврдените побарувања, и истите по разгледување и расправање по точките од дневниот ред гласаа „ЗА„ усвојување на Завршната сметка и Завршниот извештај изготвени од стечајниот управник , усвојување на Предлог Планот за конечна распределба на средства изготвен од стечајниот управник , и усвојување на предлогот на стечајниот управник со кој се предлага да стечајниот судија во решението за заклучување на стечајната постапка го задолжи стечајниот управник да ја следи извршната постапка за реализацијана заложното право на доверителот Стопанска банка АД Скопје, и по спроведување на истата да предложи дополнителна или одложена распределба на стечајната маса согласно чл.201 од Законот за стечај.Против не гласаше никој, така што одлуките беа донесени со 100 % од доверителите со право на глас од присутните доверители на собранието.

Имајќи го во предвид сето погоре наведено, следуваше судот да одлучи како во ст.1 од изреката на решението, а согласно чл.200 ст.1 од Законот за стечај, посебно ценејќи дека се исполнети сите законски претпоставки за заклучување на стечајната постапка.

Согласно чл.200 ст.2 в.в. со чл.69 ст.6 и чл.72 ст.2 од Законот за стечај, судот определи заклучувањето на стечајната постапка да се запише во трговскиот регистар, во јавните книги во кои се запишуваат правата врз недвижностите и во други соодветни регистри.

Со оглед да стечајниот управник е задолжен да ја следи извршната постапка за реализацијана заложното право на доверителот Стопанска банка АД Скопје, и по спроведување на истата да предложи дополнителна или одложена распределба на стечајната маса, согласно чл.201 од Законот за стечај судот одлучи како под став 3 од изреката на решението, така што стечајниот должник не се брише од Трговскиот регистар при Централен регистар на РСМ, а бришењето ќе се спроведе врз основа на писмено известување од стечајниот управник.

Јавното објавување на решението е определено согласно чл.200 в.в. чл.10 ст.1 и 2 од Законот за стечај.

ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС, СТ.бр.101/19 од 12.07.2024 година

Стечаен судија
Ангел Трипчев

ПРАВНА ПОУКА:
Против ова решение дозволена е жалба
во рок од 8 дена преку овој суд до Апелациониот суд Скопје.

ДН. -стечаен управник
-Централен регистар на РСМ
-доверители и должник преку јавно објавување по чл.10 од Законот за стечај
-Огласна табла на судот